ОСИГУРИТЕЛНИОТ ПАЗАР ВО Р.МАКЕДОНИЈА ВО ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ НА 2011 ГОДИНА

Во првото полугодие од 2011 година друштвата за осигурување во Република Македонија полисирале бруто премија во вкупен износ од 3,32 милијарди денари, од кои 208,9 милиони денари (6,28%) произлегуваат од осигурување на живот, додека пак 3,11 милијарди денари (93,72%) од неживотно осигурување. Во споредба со истиот период од минатата година, бруто полисираната премија бележи пораст кај двете групи на осигурувања. Кај неживотното осигурување е забележан пораст од 6,3%, додека пак порастот на премијата за осигурување на живот е поголем и изнесува 32%. Порастот на бруто премијата збирно за двете групи на осигурувања изнесува 7,6%.

Анализирано по класи на осигурување, во групата на неживотно осигурување, најголем апсолутен пораст на бруто премијата во првите два квартали од 2011 година во споредба со истиот период од минатата година е забележан кај осигурувањето од автомобилска одговорност, или 107,7 милиони денари (7,82%), кај осигурувањата на воздухоплови (каско и одговорност), пораст на премијата во апсолутен износ од 93,9 милиони денари, и осигурувањата на имот, пораст на премијата во износ од 40,8 милиони денари, или 15,77%. Од друга страна, значајно намалување, како во апсолутен износ така и релативно е забележано кај останатите осигурувања од одговорност (намалување за 22,6 милиони денари т.е. пад од 25%) и кај осигурувањето од последици на несреќен случај – незгода (намалување за 13,7 милиони денари т.е. пад од 4,13%). Порастот на бруто премиите кај осигурувањето на живот во апсолутен износ е 50,6 милиони денари.

Табела 1. БПП во H1/2011 во споредба со H1/2010 (000 МКД)

| | | *H1/2011* | | *H1/2010* | | *H1 2011/10* | Апсолутна разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Незгода | **317.721** | 9,56% | **331.422** | 10,73% | -4,13% | **-13.701** |
| 2 | Здравствено осигурување | **2.619** | 0,08% | **9.693** | 0,31% | -72,98% | **-7.074** |
| 3 | Моторни возила (каско) | **396.378** | 11,92% | **405.345** | 13,12% | -2,21% | **-8.967** |
| 5 | Воздухоплови (каско) | **102.125** | 3,07% | **30.481** | 0,99% | 235,04% | **71.644** |
| 6 | Пловни објекти (каско) | **121** | 0,00% | **243** | 0,01% | -50,21% | **-122** |
| 7 | Стока во превоз (карго) | **40.844** | 1,23% | **40.168** | 1,30% | 1,68% | **676** |
| 8 | Имот (пожар и природни непогоди) | **265.865** | 8,00% | **236.762** | 7,66% | 12,29% | **29.103** |
| 9 | Имот, останати | **348.542** | 10,48% | **336.818** | 10,90% | 3,48% | **11.724** |
| 10 | Моторни возила, одговорност | **1.485.746** | 44,69% | **1.377.997** | 44,60% | 7,82% | **107.749** |
| 11 | Воздухоплови одговорност | **23.529** | 0,71% | **1.175** | 0,04% | 1902,47% | **22.354** |
| 12 | Пловни објекти, одговорност | **582** | 0,02% | **411** | 0,01% | 41,61% | **171** |
| 13 | Општа одговорност | **67.957** | 2,04% | **90.621** | 2,93% | -25,01% | **-22.664** |
| 14 | Кредити | **146** | 0,00% | **380** | 0,01% | -61,58% | **-234** |
| 16 | Финансиски загуби | **983** | 0,03% | **1.213** | 0,04% | -18,96% | **-230** |
| 18 | Туристичка помош | **62.321** | 1,87% | **68.541** | 2,22% | -9,07% | **-6.220** |
| 19 | Живот | **208.931** | 6,28% | **158.327** | 5,12% | 31,96% | **50.604** |
| | ***Вкупно*** | **3.324.410** | **100%** | **3.089.597** | **100%** | 7,60% | **234.813** |

Извор: Статистички извештаи, АСО 2011

Табела 1а.  Структура на БПП во Н1/2011 во споредба со Н1/2010 (000 МКД)

| | *H1/2011* | *во %* | *H1/2010* | *во %* |
|---|---|---|---|---|
| неживот | 3.115.479 | **93,72%** | 2.931.270 | **94,88%** |
| живот | 208.931 | **6,28%** | 158.327 | **5,12%** |
| Вкупно | 3.324.410 | | 3.089.597 | |

Извор: Статистички извештаи, АСО 2011